СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

од Првото продолжение на Триесеттата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 6 декември 1995 година

Скопје, декември 1995 година

**ПРВО ПРОДОЛЖЕНИЕ НА 30-ТА СЕДНИЦА НА СОБРАНИЕТО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА, ОДРЖАНА НА 6. XII.1995 ГОДИНА**

1. ВИДММЧЕ КИРЕ - 22
2. КОЦЕВСКИ АЦЕ -15
3. НИКОЛОВ ЈОВАН - 8, 11
4. РАМАДАНИ ИСМЕТ - 13, 14
5. РАМАДАНИ ХИСЕН - 21
6. ТРАЈКОВ МИЛЧО - 2

Дневен ред:Информација за досега регулираниот државјански статус и резултати од анкетни истражувања

КРАЈ

# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

**од Првото продолжение на 30-та седница на Собранието на Република Македонија одржана на 6 декември 1995 година**

Седницата се одржа во просториите на Собранието на РМ, сала 1, со почеток во 12,10 часот.

Седницата ја отвори и на неа претседаваше г-дин Стојан Андов, претседател на Собранието.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Продолжуваме со работа по преостанатите точки од 30-та седница.

Пратениците Илинка Митрева, Јане Ангеловски, Александар Гештаковски, Зоран Шапуриќ и Нано Ружин ме известија дека од оправдани причини не се во можност да присуствуваат на седницата.

Констатирам дека на седницата присуствуваат мнозинството пратеници на Собранието и Собранието може полноважно да одлучува

Продолжуваме по **9-та точка** од Дневниот ред - Информација за досега регулираниот државјански статус и резултати од анкетни истражувања.

Претресот по информацијата е заклучен.

Пратениците Насер Зибери, Сејфедин Харуни, Назми Малиќи, поднесоа предлог на заклучоци и истиот тие го повлекоа.

Пратениците Насер Зибери, Газменд Ајдарага и Абдулади Вејсели поднесоа предлог на заклучок кој Ви е поделен.

Кој е за предлог заклучокот молам да крене рака.

30 пратеници гласаа за.

Констатирам дека Предлогот на заклучокот не е усвоен.

**Точка 10** - Информацијa за состојбата на водоснабдувањето на град Титов Велес, за состојбата за загаденоста на воздухот, почвата, храната и експонираноста на населението на тешки метали по потекло од топилницата за цинк и олово "Злетово" во Титов Велес.

Информацијата Ви е доставена.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор?

Има збор г-дин Трајков.

**МИЛЧО ТРАЈКОВ:**

Почитуван претседателе, дами и господа, судбината на оваа информација ќе биде малку поинаква во однос на претходната, сега имаме претставници од Владата така да може би можеле да дискутираме на оваа тема.

Просто сум фрапиран од реакциите на поедини одговорни луѓе во институциите на власта во Републикава кои се вчудоневидени од големата прашина која се крена поради така да го наречам еколошкиот инцидент во топилницата "Злетово" во Титов Велес. Се чини се очекуваше дека граѓаните на Титов Велес треба да молчат и да голтаат од загадениот воздух исто онака како што тоа го прават веќе 23 години. Онаа народната, така ни било судено, разбранувањето кое што овој настан го предизвика кај медиумите беше неочекувано и беше окарактеризирано како неповолно дезинформирање на граѓаните. На крајот на краиштата ова и не беше прв ваков инцидент, а сите досегашни минаа без реакции но, да бидеме искрени за прв пат јавноста на градот и Републиката и погледнаа невистината в очи. За прв пат јавноста преку медиумите се соочи со причините, последиците како и можните решенија за проблемот на загадувањето.

I/3.-

Секако има различити агли на согледување и анализираше на проблемот. Неспорен е фактот дека топилницата "Злетово" е еден од ретките гиганти во нашата држава кој што се уште работи успешно во овие тешки времиња. Топилницата и носи на нашата земја нето девизен приход од повеќе десетици милиони долари. Истата вработува околу 1700 луѓе, обезбедува егзистенција за околу 4000 велешани. Неспорно е учеството на топилницата во инвестирањето во здравството, културата и спортот како во Републиката така и во локално ниво. Но, дали и пора овие факти можеме да замижеме пред вистината дека Титов Велес е најзагаден град во Републиката, град кој полека умира, дека неговите граѓани дишат загаден воздух, јадат загадена храна и дека во одредени делови на годината пијат загадена вода.

Секако дека за сето ова не може да се обвинува само топилницата, но сепак, при испитувањето на почвата во 19 84 година е најдено 1 до 6 пати поголема концентрација на олово од вообичаените, 1 до 19 пати на казмиум и еден до пет пати на цинк. Претпоставка е што станало со концентрациите во текот на последниве 12 години. Во воздухот во 1974 година наваму на повеќе пати е утврдена концентрација на $SO_2$ од над 0,500 мили грами на метар кубен што изнесува скоро на четири пати од нормалните вредности. Нормална вредност е 0,150 и претставува знак за аларм.

Да не зборуваме за честотата на пробивите на горната граница на нормалната. Само во месец јули 1995 година имало 8 такви денови со вредности на $SO_2$ до 0,232, во месец август имало 7 такви дена со максимална концентрација 0,356, на 10 август што предизвикало реакција на граѓаните што уследила привремената забрана на 25 август во 18 часот.

Звучи парадоксално, но мереше на присуство на тешки метали во воздухот во градската средина никогаш не се вршени после 84 година ниту пак се направени напори да се купи опрема за мониторинг. Постојат

сознанија дека такви мерења се вршат во работната средина на топилницата, но за жал тие резултати никогаш не се допрени до јавноста.

Низ градот тече реката Вардар чии води многу често се ставани во четврт степен на загаденост. Во истата река се сливаат отпадните води на топилницата. На 5 септември 1984 година е направен помор на рибата во реката Вардар како последица на загадувањето по хаваријата во топилницата.

Не треба да се заборави дека дел од бавчите во непосредна близина на реката се наводнуваат од реката Вардар. Звучи парадоксално но на повеќе наврати беше забрането полнење на вештачкото езеро "Младост" со вода од реката Вардар. Со мотивација дека може да му наштети на рибниот фонд, а од истите тие води преку направените ренибунари граѓаните на Титов Велес се снабдуваат со вода за пиење преку летните месеци.

Поразителни се сознанијата дека присуството на тешките метали на теренот се забележуваат и по 40 години по престанувањето на нивното емитирање.

Сите овие податоци и не би имале некое значење доколку не би имале ефект врз човековото здравје. Симптоматично е дека такви студии и богатиот материјал од 45000 експонирани во тек на 23 години има многу малку. Тоа зборува за интересот на пошироката заедница кон овој проблем. Освен едно испитување во 1991 година кое се бави со испитувањето на влијанието на казмизум врз здравјето на една група на испитаници целосна тишина во научните анализи. Дали поради неинтересната проблематика или поради други причини, останува неразјаснето.

Останува неразјаснето зошто морбилитетот од карцином е значително поголем во Титов Велес во однос на другите градови во

Републиката. Во 1990 година тој во Републиката изнесувал 0,4% во Титов Велес 0,7%. Во 1993 година односот изнесува 0,5% према 0,9%. Во 1994 година односот изнесува 0,5 према 0,86%.

Останува неразјаснето од каде во Титов Велес толкав број на анемии, бубрежни болни, болни со проблеми со коските. За жал не достасуваат компаративни исклучувања за кој би се потенцирал зголемениот број на вакви заболувања.

И на крај, по 23 годишна тишина и блажевен мир наеднаш бум и разбранување на Велешката и македонската јавност. Да биде парадоксот поголем ниту концентрациите на SO2 беа најголеми во однос на мерењата уназад 23 години кога на повеќе пати велешани голта воздух со четири пати поголема концентрација на $SO_2$ од нормалната ниту пак последиците од оваа актутно труење се најголеми. Надразнувањето на дишните патишта и зголемениот број на респираторните заболувања се мачкина кашлица, по однос на хроничното и константно труење што го вршат оловото и казмиумот врз коскената срж на човекот. бубрезите, црниот џигер како и ефектот што го имаат врз појавата на малигни заболувања. Кој знае, може некое од нивните штетни дејства не и се познати на светската наука. Но, тука има изобилен материјал како подлога за еден куп докторски дисертации.

И, сега, што понатаму? Најлошо би било кога Владата би ги констатирала состојбите, парламентот би ја одржал расправата, прашината слегне и се се продолжи со старо. Пошироката заедница има голема одговорност кон овој проблем, и граѓаните на Титов Велес. Прашувам, зар смее да се дозволи на крајот на 20-от век еден град кој се наоѓа во Центарот на државата, на 50-тина километри од главниот град, град со повеќе вековна традиција полека но сигурно да изумира. Зар треба како и во минатото тоа да биде тема и проблем за кој не треба да

се дискутира. Во име на чиј интерес, зар треба да се дозволи овој град во блиска иднина да стане голема истражувачка лабораторија во која неговите граѓани ќе изигруваат скапоцени заморци на кои истражувачки медицински екипи од страна ќе го гледаат ин виво дејството на долгата експозиција на тешки метали и $So_2$.

Понудената информација на Владата не задоволува, затоа што не нуди одговор на по мене многу битни прашања.

Прво, зошто тие после 23 години од постоењето на топилницата во Титов Велес не е поставено ниту еден систем за следење на вредноста на тешките метали во воздухот, почвата и водата.

Второ, дали во работниот простор на топилницата се вршат такви мерења, иако се вршат зошто не и се достапни на јавноста. Зошто дури три месеци по појавата на кварот на цевките во погонот за сулфурна киселина и два месеци од регистрирањето најголемите вредности на $SO_2$ во воздухот реагираше санитарната инспекција, задоцнето значи, таа реагираше на 25 август во 18 часот кога е дадено решение за привремено затворање.

Дали е точно дека морбилите од карциноми посебно на простат и тумури на мозок како и на анемиите, бубрежните заболувања и коштените заболувања, е поголем во Титов Велес во однос на другите градови низ Републиката. Дали се вршени такви испитувања иако не се дали постои програма за тоа. Потоа, дали и со колку средства Министерството за урбанизам, градежништво и екологија има помогнато во разрешување на еколошките проблеми во градот и дали за тоа има изработено елаборат.

Секако дека расправата по информацијата не би имала никаков ефект доколку од неа не произлезат мерки со кои би се подобрила еколошката состојба во град Титов Велес, а тоа се следните:

- да се спроведува ригорозна контрола на концентрацијата на олово, казмиум и $SO_2$ во воздухот преку надлежните служби на Министерството и за тоа редовно да се известува јавноста посебно на град Титов Велес.

- да се спроведат најсовремени и трајни решенија со кои емисијата на штетни материи во воздухот ќе се сведе на нормални граници;

- да се отвори максимална ангажираност на инспекциската служба која ќе реагира брзо, ефикасно, и ригорозно во отстранувањето на пропустите;

- да се изнајдат средства било од внатрешните извори, било од странските донатори со кои би се изработила опсежна студија во која би се анализирана здравствената состојба на Титов Велес, по релација на истата со степенот на контаминираност на олово, казмиум и $SO_2$. Студијата би содржала и медицински мерки со кои би се намалило штетното дејство на олово, казмиум и $SO_2$ врз експонираните испитаници.

Би сакал да кажам уште една работа, знам дека за многу од вас ова е и преопширно, на моменти и досадно, тоа ние како пратеници од Титов Велес го имаме почувствувано и во нашите контакти со поедини одговорни луѓе кога ни викаа дека по стоти пат веќе досадуваме и не знаеме за друго да дискутираме и да бараме освен за екологијата итн., но треба да знаете во свое име, а мислам и во името на другите пратеници од Титов Велес дека ние можеби сме им многу досадни, можеби на моменти и безобразни, и некултурни, меѓутоа тие епитети ќе ги задржиме во тек на наредните три години затоа што сепак ни не сме сами, зад нас стојат 45000 граѓани на Титов Велес.

**ЈОВАН НИКОЛОВ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, немам за цел да елаборирам по анализата која што ја имате добиено и што ја прочитавте и во неа можевте да видите одредени состојби и да имате одредени заклучоци за она што се случува со екологијата во градот Титов Велес. Мислам дека во тој дел набележани се состојбите со присуството на сулфур диоксидот на територијата на Велес, исто така состојбите со загаденоста на почвата со тешките метали кои што се како имаат одредени реперкусии и на здравствената состојба на населението кое живее во тие простори.

Колегата Трајков, повеќе елаборираше околу тоа, јас не би зборувал многу за тоа, но сепак би се осврнал повеќе на она што треба да се направи за подобрувањето на оваа состојба. Сите сме помалку или повеќе одговорни за оваа состојба и мислам дека така треба да ја сфатиме оваа анализа со еден краен заклучок кој што не треба да стои како заклучок на хартија, но тој заклучок треба да биде на некој начин спроведен во границите на можностите на сите институции кои што имаат обврски да заземат одредени проблеми во решавање на целокупниот проблем.

Јас морам да кажам само неколку збора во врска со емисијата на сулфурниот диоксид која што е инцидентна, нестална, а тоа го кажуваат анализите. Обично тогаш кога нема дождови, кога има низок воздушен притисок, кога има застој на гасовите, кога нема ветрови, тогаш имаме зголемени концентрации кои што може би не загрижуваат толку, но загрижува она другото кое што е постојано присутно, а тоа е прашините од тешките метали кои што сигурно прво се таложат на најблиската околина, а и нешто подалеку. Ние во одредено време порано, како град се ангажиравме во следењето на состојбите не само во загаденоста со

овие тешки метали но и реперкусијата на здравјето на одредени популации повеќе кај децата. Тоа го вршиме се додека имаше такви можности, некаде од информацијата видовте до кога беше и такви анализи се правија надвор од РМ, во Белград, но со настанатата ситуација со раздвојувањето на Република Македонија и нејзино осамостојување овие анализи не можеме да ги вршиме како на присуството на тешките метали во почвата, во храната и реперкусиите на населението, посебно на младата генерација односно посебно кај децата.

И, уште во анализата можете да видите дека во тоа време имаше зголемување посебно олово во крвта, се знае и реперкусиите од тоа што произлегуваат како интоксикација со овие тешки метали.

За водата за пиење да не озборуваме. Ние правевме напори како град да добиеме здрава вода за пиење што беше еден предуслов за подобрување на еколошката средина, тоа сами го правевме па во одредено време без поткрепа на поширокото општество, на ниво на Републиката и пошироко, но заради изменети услови и тука не можевме да го докрајчиме тој проект заради тоа што состојбите ни наложија дека ние не можеме тоа сами да го правиме. Иако во градењето на тој систем градот учествуваше со свои средства некаде околу 70%, тука од неколку самопридонеси што беа распишувани на ниво на град.

Во едно друго време кога работни организации во градот имаа подобра акумулација, мислам општествена можеа да издвојуваат средства и за овој проблем, сега и тоа веќе е неможно затоа што ова што самодоприносот го нудеше да се изградат од работни организации и граѓаните некаде преку 320 иљади марки секој месец, сега тоа не е можно или спадна некаде на 120 иљади марки. Значи, сам градот тој проблем веќе се виде дека не може да го расчистува. Само за една

споредба задов некои резултати кои што еве по должност ги следам какви се состојбите во летото и зимата со водите за пиење. Паралела 10 месец и 7 месец кога луѓето пијат во 10 месец од лисичкиот систем вода и она кога не може да ја употребуваат таа вода хемиската загаденост на ренибунарите во јули месец е 100% за да во октомври месец, тоа е на крајот на октомври од испитаните води паѓа на 33,3%. Значи проблемот за вода веднаш се наметнува како еден услов за расчистувањето на еколошката средина на градот.

Или ако ги земеме бактериолошките испитувања, еве ги носам и нив како паралела ќе видиме дека во јуни месец заради тоа што не се употребува лисичкиот систем сите чешми кои што се употребуваат за пиење, населението ги употребува за пиење, секаде имаме бактериолошки и хемиски загаденост. Од хемиската загаденост најмногу има амониум, железо, нитрати, се се тоа токсични материи, а од бактериолошки тоа се хиерархија коли,полифорумни бактерии што постои опасност за директно за добивање на населението.

**ЈОВАН НИКОЛОВ**: (продолжение)

Затоа ги поделив, да можеме да имаме појасна слика во делот што значи здравата вода, што значи она кога таа ја немаме а се употребуваат другите води.

Ние можеме да расправаме долго по Информацијата, но треба да заклучиме по одредени проблеми кои би ја подобриле оваа состојба. Јас мислам дека во тој дел би требало да се вклучат повеќе институции.

Прво, Министерството за здравство мора да ја следи здравствената состојба на населението и она што значи некои кои што вршат загадување, било да е тоа во водата или во воздухот.

Мора да се најде еден проект кој што ќе биле финансиран, не само што ќе ги испитува ноксите, но ќе прави испитување на населението каков е одразот на здравствената состојба заради присуството на овие нокси над здравјето на луѓето кои што живеат во тој дел. Со испитувањето во крвта и на оловото и на другите тешки метали и што ќе значи тоа како реперкусија за нивното здравје, преземаше на соодветни мерки, па дури и превентиви и куративи за да се подобри здравствената состојба на луѓето кои што живеат на тие простори.

Понатаму, Велес се наоѓа во простор кој што е каменит, непошумен. Мора еден поголем ангажман во тој дел и на граѓаните на Титов Велес а и пошироки, на Министерството за земјоделие со одредена програма која што ќе ја понуди за пошумување на сите голетини околу општината. Нормално, со едно такво зголемување на шумскиот фонд ќе се подобри и еколошката средина во Велес.

Понатаму, мора да ја задолжиме Тополница, она веќе нешто прави, моментално се исталирани две еко - станици во градот кои што перманентно компјутерски ги следат какви се состојбите особено на прашината која се собира, анализирање на прашините и издувните гасови кои што ги испушта Топилницата. Но, не е доволно само созна-

нието кое што може да се читаат, а тие може да се читаат во минута во секунда, затоа што се компјутеризирани, но соодветно на сознанието од овие анализи треба да се преземаат и соодветни мерки. Топилницата мора да вложува средства во задршката на издувните гасови, а исто така и задршката на прашините на металите кои што се произведуваат таму. Такви можности во светот се нудат, треба и кај нас тоа да се прави. Сета прашина која што ќе оди во просторот се задржува може пак да се врати во репродуктивниот процес, а не да се растура надвор и да се распрашува. Ветровите она што излегува надвор си го прават своето ги проширува и на пошироката околина. Значи, тоа треба да биде обврска на топилницата.

Исто така обврска треба да биде и на државата, а мислам дека треба само да се испочитуваат два заклучока кои се донесени на претходниот состанок на ова Собрание и на овој состав дека ќе му се даде приоритет на Лисичкиот систем што побрзо да се изгради и да се доведе здрава вода за пиење. Тоа не се испочитува до крај, а беше обврска. Поминаа четири години од првиот заклучок, некако тоа не се испочитува, н езнам зошто. Мислам дека е наша обврска, како пратеници овде да го поставиме уште еднаш тоа праша&е, а јас сега го поставувам тој проблем, да го поставиме тој проблем и на наредните седници и еднаш за секогаш да расчистиме еден проект кој што е во завршна фаза. Не зборувам за проект кој што е во почетна фаза. Почетна фаза е друго но ова е завршна фаза. Дадени се огромни средства во тој дел, во најголем дел од граѓаните на Титов Велес, а многу помалку од општествената заедница и сега треба во овие услови општествената заедница повеќе да даде свој допринос, било тоа да биде со одредени средства кои што доаѓаат од хуманитарни организации, преку Министерството за градежништво, урбанизам и екологија, а исто така и други хуманитарни организации како и гаранции за одредени кредити.

II/3.-

Граѓаните на Титов Велес можат и бараат затоа што не се можни поинаку да го решат проблемот ако државата даде гаранции за одреден кредит да се заврши овој систем они ќе си го плаќаат тој кредит, било преку плаќањето на водата или преку некои други извори за кои ќе се определат. Мислам дека овие заклучоци треба да влезат при усвојувањето на Информацијата и како такви треба да се реализираат, посебно секоја институција која ќе биде задржана во овој дел треба да го реализира тој заклучок. Мислам дека само така ќе можеме да ја подобриме општата состојба во градот во врска со екологијата.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор г-дин Коцевски.

Ве молам, процедурално бара збор г-дин Исмет Рамадани.

**ИСМЕТ РАМАДАНИ:**

Господа пратеници во името на Парламентарната група на ПДП барам 30 минути пауза, затоа што чувствуваме потреба за одредени консултации за текот на седницата.

**СТОЈАН АНДОВ:**

30 минути пауза. /Пауза од 12,35 часот)

По пауза

(Седницата продолжи со работа 14,05 часот)

Со седницата продолжи да раководи г-динот Тито Петковски, потпретседател на Собранието на Република Македонија.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Да продолжиме со работа.

Молам, кој бара збор?

Има збор Исмет Рамадани.

**ИСМЕТ РАМАДАНИ:**

Почитувани колеги пратеници, по гласањето за Заклучокот во врска со Информацијата за регулирањето односно нерегулирањето на државјанството на граѓани на Република Македонија очигледно стана некоја забуна и заклучокот помина, односно не гласавте, меѓутоа, бидејќи процедурално не можеме да се вратиме на првата точка односно да расправаме за заклучокот кој беше предложен од пратеници од Пратеничката група на ПДП се договоривме и како пратеничка група односно како пратенички групи координаторите, дојдовме до една ваква солуција.

Сега се обраќаме како координатори на пратеничките групи, значи сите координатори до Владата на Република Македонија текстот на заклучокот да оди како барање до Владата за да се подготви информација со таа содржина од предлогот на заклучокот. Мислам дека го надминавме проблемот што значи дека продолжува седницата а јас имав обврска да образложам односно да го појаснам барањето.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Ова беше деловничка интервенција.

За збор во врска со точката, молам кој бара збор.

Има збор г-дин Аце Коцевски.

II/5.-

**АЦЕ КОЦЕВСКИ:**

Почитуван потпретседателе, дами и господа, би сакал на почетокот најпрво да го изразам своето незадоволство од неодговорниот однос на Владата или нејзините надлежни органи затоа што поминаа скоро триипол месеци од поднесувањето на моето барање за поднесување на Информација за причините и последиците од загадувањето од Топилницата за олово и цинк "Злетово" Титов Велес и мерките кои ќе се преземат против надлежните односно сторителите на тој чин, меѓутоа на Владата трииипол месеци и беа малку да ја направи таа информација а денес расправаме по една друга информација, која е исто така побарана од пратениците од Парламентот. Исто така го изразувам своето незадоволство од содржината на таа информација и од бавноста на изготвувањето, затоа што мислам дека е непотполна и без конкретни заклучоци, а во подготовките за денешната седница јас успеав да ги пронајдам сите податоци од каде е правена оваа информација и мислам дека секој одговорен субјект кој сака да го информира Собранието оваа информација што денес ја имаме на располагање можеше да ја направи за два дена, а не за триипол месеци колку што им треба на надлежните органи, затоа што најголем дел од работите се препишани односно преработени, вградени во таа информација од една публикација издадена од третиот научен собир на Друштвото за наука од Титов Велес за заштита на животната средина. Меѓутоа, сега за суштината.

Членот 43 од Уставот на Република Македонија вели: секој човек има право на здрава животна средина. Секој е должен да ја унапредува и штити животната средина и природата. Републиката обезбедува услови за остварување на правото на граѓаните на здрава животна средина.

Ако се прави компарација спрема тоа што предвидува Уставот на Република Македонија и каква е фактичката состојба во Титов Велес може слободно да се констатира дека граѓаните на Титов Велес се до

II/6.-

максимум дискриминирани затоа што се нарушени нивните основни човекови права и слободи и затоа што јас ве уверувам дека во моментот е опасно да се живее во Титов Велес по повеќе основи.

Во Прирачникот "воздржана Европа" се вели: секое лице во светот има исти права да користи подеднаков животен простор. Ова е основно човеково право а не строга догма и, но во исто време и важно политичко начело. Се се базира на демократијата и солидарноста како камен-темелници за социјално и еколошки нагласена и пазарно ориентирана економија. За жал човекот во обид да го уреди светот така како што замислил често воспоставува систем што е вон природните закони и против нив најчесто не успева. Затоа и се треба да се одвива со целосна согласност со законите на природата што е и услов за опстанок. Затоа мораме да се откажеме од секој"напредок" што е степен и ризичен за нашиот живот и животот на нашите потомци.

Повеќе од очигледно е дека Топилницата за олово и цинк "Злетово" во Титов Велес ја контаминира околината со олово и цинк и кадмиум. Податоците се алармантни и веќе за тоа зборуваа и останатите дискутанти и тие се содржани воглавно и во Информацијата која е доставена. Јас само ќе ги издвојам оние за кои мислам дека се најкарактеристични и најважни.

Од вкупно 365 дена во годината Титов Велес 92 дена односно граѓаните на Титов Велес во 92 дена живеат во чад и во три до три ипол пати поголем од максимално дозволената количина, а од 365 дена во годината 63 дена вдишуваат воздух кој содржи сулфурдиоксид 2,9 до 4,8 пати повеќе од максимално дозволената количина. Прашината во воздухот во градот е перманентно присутна но со различни месечни вредности. Тешките метали во воздухот се следни:

За олово тие се поголеми за 8,4 пати; за кадмиум за повеќе од 10 пати; за цинк за повеќе од 14,8 пати во споредба со контролниот реон во селото Иванковци кое е 20-тина километри оддалечено од градот. Наталожените тешки метали се концентрирани во повеќе од 10 пати во споредба со исто така контролниот пункт.

Контаминираноста на земјата е изразена низ следните показатели:

Во земјата која е испитувана во споредба со контролниот пункт во Иванковци содржи кадмиум повеќе од 12 пати; цинк повеќе од 5 пати и олово повеќе од 6 пати. Исто така многу ужасни се и податоците во врска со контаминираноста на земјоделските производи кои се одгледуваат на реонот кој е на опфат на територијата каде што врши контаминација Топилницата. Испитувања се вршени на кромид и свежа салата. Кадмиумот е поголем за 2,5 пати од максимално дозволената количина, а на испитувањата кои се вршени на спанаќот процентот на тешки метали е поголем за 10 до 12 пати во споредба со максимално дозволената количина.

Податоците се уште позагрижувачки кога е во прашање сточната храна затоа што знаеме дека сточната храна се употребува без претходно перење. Податоците таму велат дека оловото е поголемо за 9,5 пати, а на кадмиумот за 13,2 пати од дозволената количина. Исто така податоците велат дека земјата може да се ослободи од контаминацијата во период од 200 години доколку во тој период нема додатно загадување. За да има некаква целина сето ова што ви го кажувам би го кажал уште следното.

Покомпетентните од мене веќе кажаа какви се последиците во врска со загадувањето од Топилницата за олово и цинк и веројатно и другите загадувачи во Велес. Процентот на малигни заболувања во Титов Велес во споредба со граѓаните односно просекот во Републиката

е поголем за 90 до 100%. Исто така загрижувачки се податоците кои говорат за бројот на спонтаните абортуси, за мртвородните деца, за децата со разни деформации при раѓањето, за процентот на младите лица кои се неспособни за отслужување на воениот рок и за стерилитетот кој се јавува кај младите луѓе. Тоа зборува за алармантноста на состојбата и за потребата за преземање на соодветни активности од страна на сите надлежни органи во Републиката, меѓутоа од Вашиот интерес за слушање на мојата дискусија и на дискусиите на останатите пратеници очигледно е дека вие ова сте го сфатиле како обичен маркетиншки настап на пратениците од Титов Велес, а не како многу важно и сериозно прашање кое загрижува над 40 илјади граѓани на општина Титов Велес.

За пофалба се активностите кои ги спроведуваше Еколошкото друштво "Вила Зора" од Титов Велес и воопшто движењето на екологистите на Македонија по прашањето на решавањето на проблемите на загаденоста на Титов Велес. Јас би презентирал дел од нивни обраќања, дел од нивни заклучоци кои мислам дека се вредни да бидат споменати во парламентарната расправа.

Заради понатамошно успешно следење на параметрите важни за животната средина во Титов Велес потребно е да се направи следното

Да се изработи студија за степенот на загадувањето на животната средина во градот односно загадувањето на воздухот,водата, земјиштето со полуенти кои потекнуваат од Топилницата "Злетово" Титов Велес.

Постојано да се следат еколошките параметри од страна на овластените и одговорни институции.

Да се воспостави подобра координација и соработка на општинските и државните органи и да се стандардизираат методите и опремата за следење на состојбите.

II/9.-

Потребно е да се утврди иста методологија на испитување и утврдат исти мерни места ако се испитуваат од различни институции.

Да се воспостави потполна јавност врз резултатите од мерењето и тие да се соопштуваат на јавноста. Ова е посебно важно затоа што сите луѓе кои се занимаваат со оваа проблематика и средствата за информирање чувствуваат недоволна потреба за соработка на надлежните органи кога е во прашање комуникацијата и давање на официјални и званични информации и податоци.

Топилницата "Злетово" од Титов Велес да помогне во опремувањето на општинските служби, како и да помогне во зајакнувањето на своите служби за мерење и следење на еколошките параметри. Таа се обврзува навреме да преземе мерки за технолошките проблеми и навреме да ги предупредува граѓаните за инцидентните еколошки состојби.

Надлежните органи доследно да ги почитуваат законските прописи за спречување на загадувањата и да преземаат казнени мерки против прекршителите. Исто така во делот на мерките што би требало да се преземат мислам дека е вредно да се напоменат следните мерки:

Рационализација на технолошкото производ во за елиминирање на поедини загадувања.

Употреба на руди со помала содржина на кадмимум, сталиум, арсен и жива.

Изработка на студија за можни технолошки решенија во производството со еколошки поприфатливи решенија.

Краткорочни и долгорочни задачи за изнаоѓање трајно решение на пржење на рудата на нова локација.

Ангажирање на Владата на Република Македонија за финансирање на решенијата за трајно решавање на проблемот на Топилницата.

II/10.-

Да се изработи стручен елаборат за смалување на загадувањето на реката Вардар од страна на Топилницата и да се преземат сериозни акции за пошумување на поширокиот простор на градот и изградба рекреативен центар во околината на градот за подобрување на здравјето на граѓаните.

Исто така, се предлага да се зајакнат медицинските служби на градот за следење и лечење на хроничните заболувања како последица од загадувањето на работната и животната средина.

На крајот би завршил со еден цитат од едно многу важно обраќање на главатарот на племето сито од 1854 година до претседателот на САД Абрахам Линколн како една многу умна компарација за вашето трпение за слушање на дискусиите во врска со загадувањето и како една компарација за односот воопшто на многу надлежни државни органи во врска со алармантноста на состојбите со загадувањето на воздухот, почвата и водата во Титов Велес. Прочуениот главатар во своето обраќање меѓу другото вели: "Мртвите бели луѓе ја заборавaат земјата на своето раѓање кога ќе заминат на прошетка меѓу ѕвездите, а за разлика од нив мртвите на црвениот човек никогаш не ја заборавaат оваа убава земја. Ние сме дел од земјата и таа е дел од нас. Миризливите цвеќиња се заши сестри, еднорогиот, коњот, големиот орел сите тие се наши браќа. Затоа кога големите главатари сакаат да ја купат нашата земја бараат многу од нас, но тоа нема да биде лесно затоа што таа земја ерсвета за нас. Ние знаеме дека тие не ги разбираат нашите желби, тие ја одземаат земјата од своите деца и не се грижат. Се однесуваат кон мајката земја и кон братот небо како кон работи кои можат да се купат,ограбат, продадат како стадо овци или снаен накит. Нивниот апетит ќе ја изеде земјата и ќе остави само пустош".

Повеќе мислам дека нема потреба, ова е пишувано 1854 година а сега сме 1995 година и за жал не можеме тоа ниво да го достигнеме.

Благодарам.

III/1.-JJ/МЛ

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор Хисен Рамадани.

**ХИСЕН РАМАДАНИ:**

Почитувани колеги, почитуван потпретседателе, сакав само кратко да кажам едно. Мислам дека во врска со оваа состојба две работи се сосема јасни. Титов Велес за разлика од другите наши средини е позагрозен со контаминации, значи со тровање и се потребни итни мерки. Од таа гледна точка ги поддржувам заклучоците што се предложени од другарите, мислам од господата што се во списокот, но сакам да го кажам уште следното. Мислам дека тука треба да извлечеме и неколку поуки и информации и инаку од состојбата во Републиката.

Прво, се уште во целата Република имаме низа објекти кои што контаминираат а се влезени во средиштата на градовите. И нам за еколошката состојба во Републиката ни е потребна една целосна анализа во врска со објектите од таков тип и нивното место и лоцираност. Тоа и ни фали што во оваа информација го нема поапострофирано делот за Топилницата, со што би се задолжиле сите во Републиката, а пред се Топилницата, да ги дислоцираат деловите на тоа производство кое што најмногу произведува отрогни гасови. Инаку било каква да е ставена изолација или мерка за заштита од задимуваше, загадување не ќе може да се обезбеди целосно, ако постојано тоа влегува во средиштето на градот бидејќи и околу Топилницата постојано се гради и се урбанизира тој дел. Затоа мислам дека прифаќајќи ја оваа анализа што е предложена и заклучоците, предлагам една поцелосна анализа на стручните институции, на Владата и други стручни органи за состојбата во врска со човековата околина и контаминација во целата Република.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали уште некој бара збор?

Има збор господинот Кире Видимче.

**КИРЕ ВИДИМЧЕ:**

Со оглед на тоа дека Информацијата што сега ја расправаме е од многу битен карактер и за граѓаните на општина Велес јас би сакал малку повеќе да размислиме за резултатите од оваа расправа и што би добиле на крајот ние како пратеници, а уште повеќе граѓаните на општина Титов Велес. Имено, како Предлог - заклучок по оваа точка добивме две варијанти со која од втората варијанта се повлекува првата, јас морам да констатирам дека и двете варијанти воопшто немаат цел да се обидат да ги разрешат проблемите, и за жал, мое мислење е дека Предлог - заклучокот повеќе е од декларативен отколку со желба нешто навистина да се направи во оваа работа. Имено, во текстот на заклучокот од шест точки, во четири точки стои дека Собранието укажува на потребата Владата на Република Македонија да преземе тоа и тоа и тоа. Дали, и меѓу другото Собранието оценува дека е потребно Владата да ги спроведе заклучоците од првиот и вториот собраниски состав. Дали по некоја година нема да стои уште една точка и од третиот собраниски состав и од четвртиот собраниски состав и дали ние треба да кажуваме дека Владата треба да спроведува заклучоци. Ние не треба да кажуваме, туку треба да преземеме мерки ако не ги спроведува заклучоците, што е најбитно и за жал, во заклучокот што се предлага никаде не гледам конкретни мерки што треба да се презема, туку само декларативност. Зошто на пример не се предложи Владата во многу краток рок да подготви програма за намалување на загадувањето и за заштита на околината на град Велес. Тоа во заклучокот никаде не го гледам и

веројатно за кратко време или за една година пак ќе имаме еден ваков предмет на разговор, пак од прилика одлично ќе заклучиме, а во меѓувреме ќе се случува тоа што се случува во Велес. Затоа би предложил, пак уште еднаш ќе бидам поконкретен во заклучокот да се додаде или главната поента да биде тоа во најкраток можен рок Владата да подготви програма со која ќе каже на кој начин ќе ги сузбие загадувањата што веќе се констатирани, ќе ги сузбие штетните последици што се констатирани во општина Титов Велес.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали уште некој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и информирам дека пратениците Милчо Трајков, Јован Николов и Пецо Стојановски поднесоа Предлог на заклучок што ви е поделен. Во меѓувреме имаше сугестија за дополнување на Предлог -заклучоците и за тоа можат предлагачите да кажат дали се согласуваат, доколку сметаат за потребно.

Бидејќи тие остануваат на својот предлог, тогаш заклучокот го ставам на гласање.

Молам, кој е за заклучокот нека крене рака? (Пратениците креваат рака).

Дали е некој против? (Нема).

Дали некој се воздржува од гласање? (2 пратеника).

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Бидејќи немаме можност за поставување на пратенички прашања, не се тука министрите, утре имаме седница на Собранието со една точка на дневниот ред и по исцрпувањето на таа точка ќе продолжиме со 29-та седница.

(Седницата заврши во 14,30 часот)